[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 11-7687/
Дата:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: Кабинет на министерот
Министер, NURHAN IZAIRI
- тука

Предмет: Достава на извештај од Комисијата за изработка на извештајот на соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот – "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, за потребите на инвеститорот Влада на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски – Скопје

Почитуван г-дин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на комисијата и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот – "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, за потребите на инвеститорот Влада на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски – Скопје, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево.

Со почит,

Изготвил: м-р Зоран Бошев
Контролирал/Согласен: Александар Петковски

**в.д. Директор на**
**Управа за животна средина**
**Даниел Ефтимов**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот – "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево;

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. 11-7687/
Дата:

До : Кабинет на министерот
Министер, NURHAN IZAIRI
- тука

**Предмет:** Извештај за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за изведба на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево

Почитуван г-дин Министер,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015 и 129/2015) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, изготви

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македони
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.m

# ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, за потребите на инвеститорот Влада на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски – Скопје.

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за изведба на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, врз основа на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина изработена од страна на консултантската фирма "ТЕХНОЛАБ" ДОО од Скопје, со одговорно лице м-р Магдалена Трајковска Трпевска – Експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, врз основа на барањето оцени дека инвеститорот со проектот предвидува изведба на Национален гасификационен систем на Република Македонија за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево.

Инвеститорот Влада на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски - Скопје има намера да изведе проект - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево која е предмет на овој извештај. Влада на Република Македонија согласно Стратегијата за развој на енергетиката планира да изгради комплексен гасификационен систем кој треба да се воспостави на целата територија на Република Македонија, а со употребата на природниот гас значително ќе се намали емисијата на загадувачките супстанции во воздухот особено доколку неговото користење е замена за електричната енергија добиена од јаглен. Проектот "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делницата за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево е со должина 110,70 km и со пречник Ф 500mm. Трасата започнува од јужната страна на селото Брњарци, во близина на локалниот пат Стајковци – Арачиново кај приклучокот на постоечката гасоводна гранка" Скопје Југ" (гранката која води кон фабриката ОХИС). Завршува североисточно од Кичево во близина на фудбалскиот стадион и речното корито на Зајска река.

При изработката на планската и проектната документација, од страна на инвеститорот е направена и споредбена анализа на алтернативни решенија вклучувајќи ја и нултата алтернатива (алтернатива да не се спроведе проектот), со цел да се дојде до најдобро решение за локацијата како и применетите технологии и техники во однос на можните и најдобро достапните. Исто така, во проектот се разгледувани оперативната фаза и евентуалниот престанок на работа.

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Република Македо
Министерство за животна средина и просторно планирање
Бул."Гоце Делчев" бр.
1000 Скопје,
Република Македони
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.m
Сајт: www.moepp.gov

Во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и фазата на работа од: топографија и геологија, влијанија врз почвата, врз површинските и подземните води, квалитетот на воздухот, од управувањето со отпад, биолошката и пределската разновиднот, влијанијата предизвикани од бучава и вибрации, социо-економската состојба, населението и човековото здравје како и влијанијата врз археолошко и културно – историското наследство. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата, кои според наша оцена се соодветни и апликативни. Во делот на природата односно биодиверзитетот со оглед на фактот дека трасата поминува во заштитеното подрачје Предел со посебни природни карактеристики парк шума-Водно, инвеститорот се задолжува да изврши мониторинг на клучни природни живелишта и биодиверзитетот кои може да бидат афектирани од Проектот, по трасата на движење на гасоводот, во предконструктивната фаза и за време на изградбата. Во Студијата за ОВЖС обработен е и план за мониторинг на животната средина како и извршена е анализа на ризиците и мерки за непредвидени незгоди.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина.

Со почит,

Комисија:

Билјана Петкоска ______________;
м-р Зоран Бошев ______________;
Назим Алити ______________;
м-р Влатко Трпевски ______________;
Илбер Мирта ______________;
Даринка Јантинска ______________;

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - "Национален гасификационен систем на Република Македонија" за делница 5 Скопје – Гостивар - Кичево;